Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 26, 3 септември 2009 година

септември 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област текстилно инженерство на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје економски науки на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање за наставно-научната област информациони системи на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 12

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор/реизбор на наставник по предметот Методика на воспитно-образовната работа по природа и општество на Група за одделенска настава на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник за наставно-научната област трговско право на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа дидактика, методика и педагогија на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната област општествени науки, подрачје социологија, по предметите Социологија на образованието, Основи на општествено уредување, Религиски системи (изборен), Мултикултурно образование (изборен) на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во научното подрачје туризам на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 60

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник за областа финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за група предмети од областа сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област зрнесто-клубести култури на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРГОВСКО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2602 - 58/3 од 25.6.2009 год., донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање доцент, наставник за наставно-научната област ***трговско право.***

Конкурсот беше објавен во весникот „Вечер“ на 15.6.2009 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот ***д-р Владимир Пивоваров***. Врз основа на приложената документација и познавање на кандидатот, на наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш ТА Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Владимир Пивоваров** е роден на 11 октомври 1962 година во Куманово, каде завршува основно и средно образование. Во 1985 година дипломира на Факултетот за безбедност во Скопје и се стекнува со звање **дипломиран правник по безбедност**.

Постдипломски студии завршува на Факултетот за безбедност, на тема *„Криумчарење на нуклеарни материи - кривично правни и криминалистички аспекти“.*

Докторатот од областа на правните науки го одбранува во 2002 година, на Институтот за политичко-правни и социолошки истражувања во Скопје.

***Ангажирање на професионален план***

Во 1985 година се вработува во РСВР на РМ - СВР Кратово, на работно место инспектор по економски криминалитет. Во 1988 година работи во СВР Куманово, на работно место самостоен инспектор по економски криминалитет. Во 1992 година е назначен за заменик-началник на УВР Куманово; во 1997 година за државен советник за меѓународна соработка во Министерството за наука на РМ, а во 2002 година за директор на Воена служба за разузнавање и контраразузнавање.

Во 2005 година е избран во звање **доцент** на Европскиот универзитет во Скопје.

***Ангажирање надвор од професионалните обврски***

Предава на меѓународни конференции организирани од страна на Фондација „Фридрих Еберт“ и на повеќе безбедносно-дипломатски академии во земјите-членки на НАТО, на повеќе теми.

***Учество на меѓународни конференции***

- *Реформи на безбедносните служби на земјите-кандидати за членки во НАТО*, свој реферат, 2004 год., Белград

***Учество на домашни конференции***

- *Изборниот процес во Република Македонија - предлози и осврти*, учество со свој труд, 2006 година, Штип.
- *Македонија на патот кон Европската унија,* учество со свој реферат, 2007 година, Гевгелија.

***Државни активности***

Потписник во име на Република Македонија на повеќе билатерални и мултилатерални договори, како и договори за соработка со НАТО од областа на разузнавањето и контраразузнавањето, класифицирани со „Државна тајна“.

Член на Државната комисија за падот на претседателскиот авион во Столац - Република Босна и Херцеговина.

***Научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Владимир Пивоваров ги објавува следниве рецензирани научни трудови:

- ***„Кривично процесно право“*** - во коавторство со проф. д-р Зоран Сулејманов, 2004 година.

  Трудот е опфатен на 756 страници, рецензиран од страна на проф. д-р Јован Проевски. Трудот е презентиран во четири дела и во повеќе глави. Во првата глава се опфатени: поим, предмет и задачи на кривичното процесно право. Втората глава го опфаќа историскиот осврт на кривичната постапка. Третата глава ги опфаќа изворите и важењето на кривичната постапка. Во четвртата глава се опфатени кривично процесните начела. Првиот дел ги проучува субјектите на кривичниот суд. Вториот дел ги проучува кривично процесните дејствија. Третиот дел го проучува текот на кривичната постапка и четвртиот дел ги проучува посебните и помошните постапки. Овој труд е изготвен по донесувањето на Законот за кривична процесна постапка во октомври 2004 година, со кој за прв пат се воведуваат посебни истражни мерки (следење, агент провокатор, следење на електронските комуникации итн.), со што овој труд добива на тежина, а воедно е и прв труд од ваков вид во Република Македонија во однос на наведените мерки.

- ***„Финансиско право“***, 2007 година

  Трудот е опфатен на 340 страници, рецензиран од проф. д-р Александар Николовски и доц. д-р Мирко Трипуновски. Трудот е поделен на шест дела. Првиот дел ги проучува поимот и нормативната дејност на финансиското право, а во овој дел се обработува и финансиското право како научна дисциплина, финансиската дејност на државата, како и финансиско-правниот однос како нејзин составен дел. Вториот дел ги опфаќа даночно-правните односи и даночната постапка. Во овој дел се разработуваат поделбата на даноците на директни и индиректни, како и даночно-правниот однос со даночна постапка. Третиот дел ги изучува буџетската постапка и јавните расходи. Во четвртиот дел се разработува финансискиот систем на Република Македонија. Во петтиот дел се изучува финансиското право на Европската унија, што на овој труд му дава посебна тежина, имајќи ја предвид потребата за членство на Република Македонија во Европското семејство, со што се врши компарација на нашиот и европскиот финансиски и даночен систем, односно се укажува на идните законски проекти кои мора да бидат завршени пред да станеме полноправна членка на Европската унија. Во шестиот дел се осврнува на „хај-тек“ криминалот, како најголемо зло кое може дури и да го наруши финансискиот систем на една држава, доколку добие поголем замав.

- ***„Дипломатско и конзуларно право“***

  Трудот е опфатен на 432 страници и е рецензиран од страна на проф. д-р Ѓорѓи Тоновски и проф. д-р Лазар Лазаров. Трудот е во коавторство со амбасадорот Љупчо Арсовски и претставува дипломатски сплет на тајната и јавната дипломатија, кој во професионални рамки претставувал ангажман на авторите. Трудот е претставен во четири дела. Првиот дел ја опфаќа дипломатијата како поим и неговите општи обележја. Вториот дел ги разработува дипломатските односи, како и видовите на дипломатијата. Третиот дел ги разработува билатералните дипломатски односи, при што се опфатени воспоставувањето, опстојувањето и затворањето на дипломатските претставништва со придружните делови кои ги опфаќаат дипломатските привилегии и имунитети. Четвртиот дел ја опфаќа мултилатералната дипломатија, која се однесува на меѓународните организации, договорите кои се склучуваат при пристапувањето во меѓународните организации, како и привилегиите и имунитетите на претставниците

во мултилатералната дипломатија. На крајот од овој труд е објавен мал дипломатски речник, кој ги опфаќа најупотребуваните изрази во дипломатијата. Овој труд е посебен по тоа што во целиот материјал провејуваат конкретни задачи за студентите, како во практика да ги спроведат теоретските знаења.

***Нерецензирани трудови***

– *„Финансиско право“* (општ дел и на ЕУ ) - 2005 год, 288 стр.
– *„Дипломатско конзуларни претставништва“,* 2006 год, 326 стр.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Имајќи ги предвид научната и стручната публицистичка дејност на доц. д-р Владимир Пивоваров, Комисијата стекна впечаток дека тој постигнал завидни резултати во научно-наставната и научноистражувачката област.

Комисијата со задоволство констатира дека кандидатот д-р Владимир Пивоваров ги исполнува условите, според Конкурсот.

Исто така, Комисијата констатира дека кандидатот има објавено бројни научни и стручни трудови, со кои го свртува вниманието на научната и стручната јавност.

Според горенаведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ **да го избере д-р Владимир Пивоваров** за наставник во звање **доцент** за наставно-научната област ***трговско право***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Сулејманов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Милан Илиевски, член, с.р.**

**Доц. д-р Нако Ташков, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Владимир Пивоваров, доцент, според Критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активности | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Реден број од прегледот за наставно-образовна (НО) - (Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, стр. 94-95) | | | |
| Позитивно рецензирани универзитетски учебници | 3 | 15 | 45 |
| Позитивно рецензирани авторизирани предавања (практикуми) | 1 | 8 | 8 |
| Ментор на одбранета дипломска работа | 7 | 1 | 7 |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 35 | 0,2 | 7 |
| Ментор на одбранет магистерски труд | 1 | 3 | 3 |
| Одржани предавања (часови) или консултации на постдипломски студии по одржан курс | 20 | 0,2 | 4 |
| Научно-популаризирани статии во стручно-методолошко списание | 2 | 1 | 2 |
| Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма | 1 | 6 | 6 |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра за изборниот период)<br><br>а) предавања<br><br>б) предмети | 3 | 1,5 | 4,5 |
| Финансиско право, Даночно и царинско право и Конзуларно и дипломатско право | 1 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 1 |
| | 1 | 1 | 1 |
| Рецензент на соработници и наставници | 7 | 1 | 7 |
| Научноистражувачка (НИ) | | | |
| Стручно-уметничка (СУ) | | | |
| Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР) | | | |
| В К У П Н О | **96.5** | | |